ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:12-282/11

Дата: 13.05.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Град Скопје за 2014 година.

За финансиските извештаи за 2014 година на сметката на основниот буџет (637) на Град Скопје изразивме мислење без резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за сметката на основниот буџет (637) на Град Скопје за 2007 година и е изразено мислење со резерва.
При ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година, при што е утврдено дека од дадените препораки 10 се спроведени, а една е делумно спроведена.

Со ревизијата ги утврдивме следните состојби:

- потреба од изготвување и донесување на процедура која ќе го опфати планирањето на јавните набавки;
- исплата на надоместоци кои не се во согласност со законските одредби;
- исплата на трошоци по некомплетна документација;
- кај дел од градбите на објекти се практикува склучување на анекс договори со кои се пролонгираат роковите на извршување на работите предвидени со основните договори;

- направени се расходи за тековно и инвестиционо одржување на Кино Милениум кои не се предвидени со одредбите од договорот склучен со ЈУ Младински културен центар Скопје.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Од страна на законскиот застапник на Град Скопје, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, забелешките претставуваат известување за преземените мерки за надминување на констатираните состојби кои се соодветно обелоденети во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на Град Скопје на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за сметката на основниот буџет (637) на Град Скопје за 2007 година и е изразено мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Коце Трајановски, градоначалник на Град Скопје од 2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

**2.1.** Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.09.2015 до 11.01.2016 година кај Град Скопје од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР во 2007 година.
Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, во кој ревизијата констатира дека истите се спроведени со исклучок на една која е делумно спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 11.01.2016 година.

На ден 15.04.2016 година со писмо број 08-2918/1 од 12.04.2016 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 12-282/2 од 17.03.2016 година.Забелешките се разгледани и е оценето дека истите претставуваат известување за преземање мерки по дадените препораки со цел надминување на состојбите кое е соодветно обелоденето во Конечниот извештај.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.
Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. При увидот во начинот на планирање и спроведување на постапките за јавни набавки во 2014 година, ревизијата утврди дека и покрај тоа што во 2014 година се донесени повеќе процедури поврзани со постапките за јавните набавки, истите не ја опфаќаат постапката за донесување и спроведување на Планот за јавни набавки, што создава ризик од несоодветно планирање на постапките за јавни набавки. Имено, градоначалникот на Град Скопје донел Годишен план за

јавни набавки за 2014 година со кој е предвидено спроведување на 177 постапки за јавни набавки на стоки, услуги и работи, со вкупна проценета вредност од 857.650 илјади денари, без вклучен ДДВ.
Во текот на 2014 година, планот за јавни набавки има девет измени и дополнувања и е проширен на вкупно 276 постапки за јавна набавка, со вкупна проценета вредност од 1.684.274 илјади денари, без вклучен ДДВ.
Од планираните 276 постапки за јавна набавка, во текот на годината, Град Скопје спровел 114 постапки за јавни набавки, со вкупна вредност на склучените договори од 664.155 илјади денари, без вклучен ДДВ, што претставува 39,43% реализација во однос на проценетата вредност според планот за јавни набавки.

Наведените состојби укажуваат дека немањето на интерно упатство-процедура за донесување и спроведување на План за јавни набавки и нискиот процент на реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година придонесуваат Град Скопје да не извршил соодветна и реална проценка на вистинските потреби за набавки за тековната година според расположливите извори на финансирање.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки и активности надлежните служби врз основа на утврдените извори на финансирање во тековната година да ги планираат вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи и да се донесе интерно упатство - процедура за планирање на јавните набавки.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во текот на 2014 година исплатени се средства во вкупен износ од 639 илјади денари на членови на постојани тела/комисии на Град Скопје, во кои покрај истакнати стручни лица од посебните области, претставници на асоцијации и здруженија на граѓани и граѓани, има и членови од советот на Град Скопје.
Постојаните тела/комисии се формирани со одлуки на советот на Град Скопје, согласно Законот за локална самоуправа, Статутот на Град Скопје и посебните закони со кои се уредуваат прашања од значење за граѓаните (Закон за заштита на потрошувачите, Закон за заштита на правата на пациентите, Закон за просторно и урбанистичко планирање).
Советот на Град Скопје донел одлуки за исплата на надоместоци на членовите на овие тела, врз основа на кои се исплатени надоместоци на членови на:

- Комисија за односи меѓу заедниците (во која нема членови на Советот на Град Скопје), во вкупен износ од 336 илјади денари,
- Совет за заштита на потрошувачи, во вкупен износ од 146 илјади денари, од кои на двајца членови на советот на Град Скопје им се исплатени 38 илјади денари, и

- Комисија за унапредување на правата на пациентите, во вкупен износ од 157 илјади денари, од кои на двајца членови на советот на Град Скопје се исплатени 35 илјади денари.

Вака утврдените надоместоци од страна на советот на Град Скопје не се предвидени во Законот за локална самоуправа како системски закон, ниту во посебните закони со кои се уредуваат прашања од значење за граѓаните. Согласно член 45 од Законот за локална самоуправа и член 29-а до 29-г од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ, на членовите на советот е утврдено правото на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци, а не се предвидени надоместоци за учество во комисии и постојани тела.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки и активности за преиспитување на законскиот основ за исплата на надоместоци на членови на постојаните работни тела.

4.2.2. На Сметката Надоместоци во 2014 година покрај другите, евидентирани се расходи за исплатени средства на проценувачи на пазарната вредност на недвижен имот во вкупен износ од 1.320 илјади денари. Проценувачите, вкупно 11 (единаесет), се лица вработени во администрацијата на Град Скопје, на различни работни места во различни сектори. Со Одлука на советот на Град Скопје, покрај работните задачи кои произлегуваат од работните места на кои се распоредени, истите се задолжени да вршат и дополнителни работи и работни задачи како овластени проценувачи на утврдување на пазарната вредност на недвижности. За дополнителната работа како проценувачи, со одлуката им е утврден месечен надоместок во износ од 10 илјади денари, што не е во согласност со одредбите од Законот за државни службеници, со кои се регулирани надоместоците и висината на истите. Согласно членот 51 од Законот, државниот службеник има право на додаток на плата ако работи подолго од полното работно време и тоа во висина од 35% по час од износот на основната плата и додатокот на плата за звање, доколку работел по налог на непосредно претпоставениот државен службеник.

Со Одлуката за организација на администрацијата на Град Скопје и Правилникот за систематизација, во состав на Секторот за планирање и уредување на просторот е формирано и Одделение за процена на недвижен имот со предвидени 13 (тринаесет вработени), но до денот на ревизијата во ова одделение нема вработувања.

Ваквата состојба може да влијае на квалитетот и навременото извршување на работните задачи на државните службеници, кои истовремено извршуваат редовни работни задачи како државни службеници во секторите во кои се

распоредени како и на работните задачи кои им се доделени како проценувачи.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности за кадровско екипирање на Одделението за проценка на недвижен имот.

4.2.3. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на исплатените надоместоци во вкупен износ од 504 илјади денари на членови на Партиципативно тело од областа на урбанизмот, кое е составено од тројца членови на советот на Град Скопје, стручно лице од администрацијата и три истакнати стручни лица од областа на урбанистичкото планирање. Партиципативното тело е формирано со Одлука на советот на Град Скопје, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и согласно Статутот на Град Скопје, заради обезбедување јавност во процесот на планирање на просторот на Градот Скопје. Со одлука на советот утврден е надоместокот за работата на членовите во износ од 6 илјади денари месечно.
На ревизијата не и беа презентирани записници од седници и извештај за работа на Партиципативното тело. Во месец јули 2015 година советот на Град Скопје донел Одлука за престанување на важност на Одлуката за формирање на Партиципативното тело од областа на урбанизмот со што престанува неговото функционирање, поради што ревизијата не дава препорака.

4.2.4. Во 2014 година, за подмирување на трошоците за тековно и инвестиционо одржување на просторот Кино Милениум, Град Скопје на АД Градски трговски центар – Скопје му има исплатено средства во износ од 3.746 илјади денари.
Согласно Заклучок на Влада бр. 19-17/117 од 04.11.2009 година и Одлука на Управниот одбор на ГТЦ за отстапување на деловниот простор Кино Милениум на Град Скопје, во ноември 2009 година, склучен е договор помеѓу Град Скопје и АД Градски трговски центар- Скопје, со кој е регулирано правото на користење на Кино Милениум, Град Скопје да го врши преку културната установа Младински културен центар - Скопје. Во врска со оваа одредба за пренесување на правото на користење на Кино Милениум, во ноември 2009 година, склучен е нов договор помеѓу Град Скопје и Јавната установа Младински културен центар- Скопје. Според член 7 од овој договор, трошоците за тековно инвестиционо одржување на просторот и трошоците од употребата на деловниот простор (телефон, струја, греење, ладење, вода и други законски обврски) се обврска и истите треба да ги плаќа Младински културен центар- Скопје, а не Град Скопје. Вквиот начин на постапување придонесува за исплати кои не се во согласност со одредбите на склучениот договор.

**Препорака:**

Градоначалникот да обезбеди почитување на одредбите од склучениот договор при исплатите на средствата.

4.2.5. На сметка Вложувања и нефинансиски средства евидентирани се расходи во износ од 3.570 илјади денари по основ на извршено плаќање на фактура за набавка на интегриран систем за управување со финансиите на Град Скопје (компјутерски софтвер). На ревизијата не и беше презентиран записник за извршено инсталирање на комплетното проектно решение и дефинирана процедура за редовно земање на копија од програмот и податоците во одредени временски интервали (Backup - процедура), односно документација за завршена трета фаза - Воведување на деловното решение во експлоатација, што не е во согласност со договорот склучен со носителот на набавката. Согласно член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, евидентирањето на финансиските трансакции во деловните книги се врши на основа комплетни и уредни сметководствени документи.

Во прилог на забелешките по нацрт извештајот на ревизијата и е доставен Записник за завршени активности за Интегриран систем за управување со финансии на Град Скопје од 10.02.2016 година согласно склучениот договор.

**Препорака:**
Одговорните лица да преземат мерки за целосно почитување на законските и интерните акти и плаќањата да се вршат врз основа на комплетна документација.

## 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

### Јавни набавки

При увидот во начинот на планирање и спроведување на постапките за јавни набавки во 2014 година, и дел од јавните набавки кои се спроведени во претходни години, а по кои се преземени обврски во 2014 година, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:

4.3.1. Од извршениот увид на документацијата за спроведени постапки за јавни набавки за: Вршење на овластен градежен надзор за објекти инвестирани од Град Скопје во период од 24 месеци, Реконструкција на училишни згради и фискултурни сали во Град Скопје и Изработка и монтажа на заштитна ограда и канделабри на мост на река Вардар, помеѓу улиците Војвода Васил Аџиларски и Стив Наумов, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Во две постапки за јавна набавка (Вршење на овластен градежен надзор

за објекти инвестирани од Град Скопје во период од 24 месеци и Реконструкција на училишни згради и фискултурни сали во Град Скопје), не се наведени посебно сите објекти кои би биле предмет на надзорот, односно не се специфицирани кои училишни згради и фискултурни сали ќе бидат реконструрани од страна на Град Скопје;

- Во постапката за јавна набавка за Изработка и монтажа на заштитна ограда и канделабри на мост на река Вардар, помеѓу улиците Војвода Васил Аџиларски и Стив Наумов со техничката спецификација се бара вкупна цена/финансиска понуда за извршената набавка, наместо да се бара понуда по позиции/спецификација посебно за изработка на заштитна ограда и на канделабри (за лиење, за обработка по лиењето со длето, патина и заштитен слој, за транспорт и монтажа, складирање и чување на позитивите и негативите, за ракохват, ограда со рељефи, канделаби со вид и број на канделабри, украсно заштитна маска/декоративен панел и сл.) и за транспорт и монтажа (работна рака/час) на изработената заштитна ограда и канделабрите на мостот, и
- Во однос на постапката за јавна набавка за Тековно одржување на бараките, просториите на Град Скопје, вила Водно, одморалиште Маврови Анови и бараките на Единицата за противпожарна заштита на Град Скопје, од економските оператори се бара поднесување само на една финансиска понуда со техничка спецификација која е општа рамка за сите објекти. Ревизијата смета дека доколку техничката спецификација е поделена на посебни делови со позиции /спецификација со конкретни цени на понуди кои ќе се однесуваат на бараките (1 дел), за просториите на Град Скопје (2 дел), за вила Водно (3 дел), за одморалиште Маврови Анови (4 дел) и за бараките на Единицата за противпожарната заштита на Град Скопје (5 дел) ќе им се овозможи на економските оператори да добијат целосни, точни и прецизни информации за набавката.

Согласно член 32 од Законот за јавни набавки договорниот орган е должен согласно тендерската документација да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка, а при изготвување на техничките спецификации треба да се раководи од одредбите од член 33 од Законот.

Ваквата состојба на изработување на тендерските документации и техничките спецификации на начин што истите не содржат целосни, точни и прецизни информации за предметите на набавка, во смисла на тоа дека истите се општи и со генерални податоци, оневозможува економските оператори да поднесат понуди, со конкретни цени и услови, што создава можност од ограничување на конкуренција помеѓу економските оператори и постигање на реални цени на понудите.

4.3.2. Во 2010 година Град Скопје спровел постапка за јавна набавка за Изградба на

Градска Куќа и склучил договор со избраниот понудувач. Од извршениот увид на документацијата за спроведената постапка за јавни набавки, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Во огласот за доделување на договорот за јавна набавка, како и во тендерската документација е наведено поднесување на документи за докажување на техничката или професионалната способност. Така, помеѓу другото, наведена е и писмена Изјава која ја дава овластеното лице на понудувачот дека доколку биде избран за најповолен е согласен да му се изврши задршка во висина од 2% од вредноста на договорот (без вклучен ДДВ) до истекот на гарантниот период од две години, по завршување на работата. Во конкретниот случај избраниот понудувач ја има потпишано оваа изјава иако истата не е во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки, но потоа како обврска/одредба истата не е наведена во склучениот договор за јавна набавка;
- Покрај документите наведени за докажувањето на способноста, во тендерската документација се бараат и други документи, како што следат: Список за менаџерскиот тим (број, квалификациона структура, искуство, стручна и менаџерска способност) задолжен за предметот на набавка, Список за бројот, квалификационата структура и работен стаж на техничкиот персонал и за други експерти кои ќе бидат одговорни за реализација на договорните работи и Список на лица (број, квалификациона структура, работен стаж, стручна способност) задолжени за контрола на квалитет во согласност со важечките стандарди за тој вид на работи, притоа не наведувајќи за која цел Град Скопје ги бара овие списоци од економските оператори;
- Основниот договор за јавна набавка е склучен на ден 31.05.2011 година и истиот е со важност од 32 месеци од денот на воведување во работа. Избраниот понудувач е воведен во работа на ден 29.06.2011 година, што значи дека рокот за извршување на работите е заклучно до 29.02.2014 година. На 28.02.2014 година извршен е прекин на сите градежни работи, согласно градежниот дневник. По 8 месеци од истекот на важноста на основниот договор, поради неможност да се реализираат градежните работи во подземните нивоа на објектот, склучен е Анекс договор кон основниот договор, со кој се продолжува рокот на веќе истечениот основен договор на 65 месеци сметано од денот на воведување во работа (до 29.10.2016 година), што претставува 100% пробивање на рокот за изградба на објектот.

4.3.3. Во 2010 година Град Скопје спровел две постапки за јавна набавка за изградба на катни гаражи „Македонска фаланга“ и „Тодор Александров“, и склучил договори со избраните понудувачи. Од извршениот увид на документацијата за спроведените постапки за јавни набавки, ревизијата ги констатира следниве

состојби:

- Во огласот за доделување на договорот за јавна набавка, како и во тендерската документација на двете постапки за јавна набавка наведена е помеѓу другите минимални критериуми за докажување на техничката или професионалната способност, писмена Изјава која ја дава овластеното лице на понудувачот дека доколку биде избран за најповолен е согласен да му се изврши задршка во висина од 3% од вредноста на договорот (без вклучен ДДВ) до истекот на гарантниот период од две години по завршување на работата. Избраните понудувачи ја имаат потпишано оваа изјава, иако истата не во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки, но потоа како обврска/одредба истата не е наведена во склучените договори за јавна набавка;
- Покрај документите наведени за докажувањето на способноста, во тендерската документација се бараат и други документи: Список за менаџерскиот тим (број, квалификациона структура, искуство, стручна и менаџерска способност) задолжен за предметот на набавка, Список за бројот, квалификационата структура и работен стаж на техничкиот персонал и за други експерти кои ќе бидат одговорни за реализација на договорните работи и Список на лица (број, квалификациона структура, работен стаж, стручна способност) задолжени за контрола на квалитет во согласност со важечките стандарди за тој вид на работи, притоа не наведувајќи за која цел Град Скопје ги бара овие списоци од економските оператори и подетално што се бара од нив да наведат во истите;
- Склучен е договор со избраниот понудувач за изградба на катната гаража „Тодор Александров“ на вредност од 721.017 илјади денари, без вклучен ДДВ. Истиот е склучен на 09.05.2011 година, со рок на извршување на работите од 725 календарски денови од денот на воведување во работа. Но, поради тоа што избраниот понудувач не се придржувал кон условите од договорот и имал големи закаснувања во извршувањето на обврските по договорот, на 09.10.2012 година Град Скопје пристапил кон раскинување на договорот .
- Поради потребата да се реализира набавката бидејќи веќе биле започнати и реализирани градежни активности до одредено ниво на терен, Град Скопје пристапил кон преземање на активности за склучување на договор за јавни набавки со второрангираниот од спроведената постапка за јавна набавка. На ден 28.11.2012 година склучен е договор со второрангираниот, со вредност на договорот намалена за вредноста на веќе изведените градежни работи од страна на прворангираниот, кои записнички биле констатирани помеѓу Град Скопје како договорен орган и носителот на набавката односно второрангираниот. Овој договор е на износ од 661.959 илјади денари, без вклучен ДДВ и со рок на извршување на работите од 670 календарски

денови од денот на воведување во работа, со важност до 09.10.2014 година.

- Во периодот од 2013-2015 година склучени се повеќе Анекси кон основниот договор со кои се продолжува рокот на извршување на работите. Така, хронолошки следат: Анекс договор од 03.10.2014 година со кој се продолжува рокот на 760 календарски денови, со важност до 04.01.2015 година, Анекс договор од 05.01.2015 година со кој се продолжува рокот на 875 календарски денови, со важност до 01.05.2015 година и третиот Анекс договорот од 28.04.2015 година, со кој исто така се продолжува ракот на 998 календарски денови, со важност до 02.09.2015 година.
- Поради недостатоци и пропусти во предмер пресметката од основниот договор, кои биле констатирани од страна на економските оператори уште во текот на постапката за јавни набавки, за што се поставувани и дополнителни прашања, а кои доаѓаат до израз при нејзина реализација на терен во периодот на градбата покрај Анекс договорите кои се склучуваат за продолжување на рокот за изведување на работите, Град Скопје склучил и три Договори за изведба на дополнителни и непредвидени работи. Договор од 26.11.2013 година, на износ од 58.999 илјади денари, договор од 16.01.2014 година, со кој не се зголемува вредноста на основниот договор, бидејќи предвидените позиции од предмер пресметката на основниот договор не се изведуваат и на нивно место како замена се изведуваат новите позиции од овој договор, а истите согласно предмер пресметката и доставената понуда за овој договор изнесуваат 69.834 илјади денари, без вклучен ДДВ и третиот Анекс на договор од 19.12.2014 година кој се однесува на изведба на вишоци и неизведување односно кусоци на работи за количества на работи што треба да бидат изведени, а ги преминуваат договорните количества на работи што нема да се изведуваат. Вредноста на овој анекс за изведба на вишоци во работата изнесува 20.977 илјади денари без вклучен ДДВ, а за неизведување односно кусоци на работи изнесува 44.230 илјади денари без ДДВ.
- Договорот за јавни набавки за изградба на Објект/Катна Гаража „Македонска Фаланга", е склучен со избраниот понудувач на ден 15.03.2011 година, на износ од 556.038 илјади денари, без вклучен ДДВ. Рокот за извршување на работите е 730 календарски денови од денот на воведување во работа, односно до 12.04.2013 година. На 15.04.2013 година склучен е Анекс кон основниот договор, со кој се продолжува рокот за извршување на работите на 850 календарски денови од денот на воведување во работа, односно до 12.08.2013 година. Работите на овој објект продолжиле и понатаму и завршиле согласно Завршна ситуација од 01.04.2014 година, иако за тоа не е склучен анекс. Извештајот за извршен технички преглед е од месец јули 2014 година, со констатција

дека објектот може да се стави во употреба.
- Поради некомплетност на основната предмер пресметка која не содржи позиции за давање понуда за гипсарски и молерофарбарски работи, за браварски и столарски работи, за пристапни сообраќајници и партерно уредување, за фасадерски работи и сл.), а кои се нужни и неопходни заради целосното функционирање на објектот, во периодот од 2011 до 2013 година склучени се вкупно пет договори за изведба на дополнителни и непредвидени работи, во вкупен износ од 65.742 илјади денари, без вклучен ДДВ.

Изработување на тендерската документација со барање за достава на документи без наведување на целта поради кои истите се бараат, а кои подоцна не се земени во предвид при рангирањето и склучувањето на договорите, спецификации кои не се во согласност со изведбените проекти придонесуваат за склучување на договори за дополнителни и непредвидени работи и анекси за продолжување на рокот за извршување на работите и за непочитување на основните постулати на Законот за јавни набавки, како што е ограничување на конкуренцијата меѓу економските оператори во процесот на доделување на договорите за јавна набавка и рационално и ефикасно искористување на средствата.

**Препорака:**
При спроведувањето на постапките за јавни набавки, надлежните од пооделните сектори на Град Скопје да преземат мерки и активности за:
- изработка на тендерска документација со наведување на барања, услови, критериуми и други неопходни информации, со цел на економските оператори да им обезбеди целосни, точни и прецизни информации за предметот на набавка воопшто и
- посебно при изработка на предмер-пресметките/техничките спецификации, истите да ги изработува на начин што би ги исполнувале основните барања на градбата во целина, и во нив да бидат содржани задолжителните делови, согласно законските прописи, стандардите и нормативите од областа на градбата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Град Скопје на ден 31 декември 2014 година како и

резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Град Скопје за 2014 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

6.1. Во текот на ревизијата од страна на надлежните од Град Скопје прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија и тоа:

- извршено е прекнижување од сметките на Вонбилансна евиденција на сметките за Нематеријалните средства и Државен јавен капитал во износ од 2.078 илјади денари за евидентирање на компјутерски софтвер.

Ревизијата за прифатените корекции обезбеди налог за книжење бр. 0020 од 18.11.2015 година, со кој е извршено зголемување за 2.078 илјади денари на состојбата на Активата и Пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба и намалување на Вонбилансната евиденција за истиот износ.

ГРАД СКОПЈЕ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 2.167.423 | 2.126.774 |
| **Вкупно приходи** | | **2.167.423** | **2.126.774** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 211.990 | 214.394 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 7.421 | 2.894 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 727.974 | 573.376 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 39.028 | 22.343 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 264.016 | 347.876 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.250.429** | **1.160.883** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 840.172 | 965.891 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **840.172** | **965.891** |
| | | | |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **76.822** | **0** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **2.167.423** | **2.126.774** |

**ГРАД СКОПЈЕ**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 25.375 | 27.340 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 659 | 475 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 54.320 | 126.950 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 1.186.811 | 1.232.473 |
| Залихи | 4.1.5. | 6.687 | 7.094 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.273.852** | **1.394.332** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 41.946 | 6.694 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 581.917 | 458.402 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 2.734.078 | 1.861.679 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4. | 1.130.420 | 1.705.437 |
| **Вкупно постојани средства** | | **4.488.361** | **4.032.212** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **5.762.213** | **5.426.544** |
| | | | |
| **Вонбилансна евиденција актива** | 4.3. | **8.240.727** | **7.705.815** |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 197.652 | 349.703 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.2. | 16.646 | 15.895 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.3. | 80.355 | 154.766 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **294.653** | **520.364** |
| | | | |
| **Долгорочни обврски** | 4.5. | **972.512** | **866.874** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.6. | 4.495.048 | 4.039.306 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4.495.048** | **4.039.306** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **5.762.213** | **5.426.544** |
| | | | |
| **Вонбилансна евиденција пасива** | 4.7. | **8.240.727** | **7.705.815** |

ГРАД СКОПЈЕ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2014 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2014 година** | **4.032.212** | **7.094** | **4.039.306** |
| **Зголемување по основ на:** | **1.701.094** | **40.652** | **1.741.746** |
| Набавки | 794.219 | 13.909 | 808.128 |
| Преотстапени постојани средства | 1.205 | 26.743 | 27.948 |
| Префрлено од вонбилансна евиденција | 2.078 | - | 2.078 |
| Останати зголемувања | 903.592 | - | 903.592 |
| **Намалување по основ на:** | **1.244.945** | **41.059** | **1.286.004** |
| Амортизација на капитални средства | 75.435 | - | 75.435 |
| Останати намалувања | 1.169.510 | 41.059 | 1.210.569 |
| **Состојба 31.12.2014 година** | **4.488.361** | **6.687** | **4.495.048** |

ГРАД СКОПЈЕ

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 211

Наш број: 08-2918/1
12.04.2016 год
Скопје

Ваш број: 12-182/8
17.03.2016 год
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 15.04.2016
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
12 | 282 | 9 |

**ДО**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Скопје**

**Предмет:** Известување за забелешки по Нацрт извештаи

Почитувани,

Во врска со доставените Нацрт извештаи за ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласенот за 2014 година во Град Скопје со допис бр.12-182/8 од 17.03.2016 година, Ве известуваме за следните забелешки кои се однесуваат на сметките

- Сметка на основен буџет (630);
- Сметка на основен буџет (637);
- Наменска сметка-култура (789).

**I.Сметка на основен буџет (630)**

**1.** Во врска со точка 4.2.2. која се однесува на тоа дека Град Скопје нема изготвено и доставено Годишен извештај за 2014 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски).

Градот Скопје - Сектор за планирање и уредување на просторот го разгледа добиениот нацрт извештај од овластениот државен ревизор, дека нема доставено Годишен извештај за 2014 година, за користење на средства од надоместокот за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти. Секторот за планирање и уредување на просторот е на мислење дека Град Скопје неможе да изготвува посебен Годишен извештај за користење на средствата за бесправно изградените објекти, од причина што не е во согласност со законска регулатива.
Согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти согласно член 20 став 1 (само да изготви заклучок, не води управна постапка) и став 3 каде стриктно стои: „освен објектите од став 2“ (за кои се надлежни општините во градот), и „е еднаква на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште кој се пресметува во постапка за добивање на одобрение за градење“ (Значи постапката е за објекти:колективно становање без тераси и деловни објекти).
Град Скопје постапува само за објектите кои се во склоп на Генералниот урбанистички план, а не за објекти вон него.
Согласно Законот за Градот Скопје (Службен весник на РМ бр.55/2004) дадени се надлежности на градот и тоа: со член 10 точка 1 став 2: се донесување генерален урбанистички план на градот Скопје, точка 4 став 1: магистрални и собирни улици и примарна инфраструктурна мрежа), додека надлежностите на општините во градот Скопје согласно член 15 точка 1 став 3 од законот се: донесување детални

урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населените места во општината точка 4 став 1 се сервисни и станбени улици и секундарна инфраструктурна мрежа), поточно општините имаат обврска за легализираните објекти да ги вградат во урбанистичката планска документација бидејќи тоа се во надлежност на општините.
Од наведената законска регулатива произлегува дека Град Скопје неможе да изготви посебен Годишен извештај за користење на средствата, од причина што истите се планираат во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Градот Скопје. Остварените приходи и нивната реализација се дадени во Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Град Скопје за период од 01.01.2014 до 31.12.2014 година усвоена од Советот на Град Скопје на четириесет и првата седница одржана 17 март 2015 година (Заклучок број 07-2810/1).

По препораката од нацрт извештајот е постапено, Град Скопје Секторот за планирање и уредување на просторот достави Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Град Скопје за период од 01.01.2014 до 31.12.2014 година, до Министерството за транспорт и врски, на ден 12.04.2016 година.

**Прилог:** - Допис до Министерство за транспорт и врски
-Заклучок од Совет на Град Скопје број 07-2810/1 за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Град Скопје за периодотод 01.01.до 31.12.2014година.

**2.** Во Врска со точка 4.2.3. која се однесува на тоа дека за пазарната вредност за градежното и земјоделското земјиште како даночна основа при утврдување на доноците на имот, се пресметува врз основа на утврдени зони за микролокација и цени на градежно земјиште по м2 донесени од страна на Координативното тело на проценители.За утврдените цени не е донесена одлука, односно ценовникот не е одобрен од страна на советот на Градот Скопје како надлежен орган за утврдување на сопствените извори на приходи за финансирање на Градот што не е во согласност со член 36 од Законот за локална самоуправа.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа, а во врска со член 5 став 2 од Законот за даноците на имот и член 6 и 7 од Законот за процена, Советот на Град Скопје донесе одлука бр.07/12561 од 26.02.2013 година за определување на државни службеници-проценувачи на пазарна вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдување на даноците на имот на подрачјето на Град Скопје.
Врз основа на одлуката на Советот на Град Скопје, Градоначалникот на Град Скопје, донесе Процедури – Упатства за работа на овластените проценувачи за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот бр.08-1389/1 од 28.02.2013 година, каде во точка III подточка 2 „Проценувачите за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот во своето работење вршат процени при утврдување на цената на земјиштето и макролацијата на зоните го применуваат Ценовникот за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште и макролокација на зоните кои се утврдени од страна на Работната група - Координативно тело на проценители на Град Скопје, а се согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот„.
Исто така не ја прифаќаме и констатацијата дека недонесување Одлука на советот за прифаќање на цените утврдени од страна на Координативното тело на проценувачи, создаваат ризик од неточно утврдување на данокот на имот, данокот

на промет на недвижности и данокот на наследство и подарок и нереално искажани побарувања и ограничување на планираните активности, бидејки Ценовникот за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште и макролокација на зоните кои се утврдени од страна на Работната група - Координативно тело на проценители на Град Скопје, а се согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот, се темелат исклучиво на пазарните вредности на недвижниот имот кој се наоѓа на територијата на градот Скопје

Што се однесува на член 36 од Законот за локална самоуправа, Град Скопје ја црпи надлежноста за утврдување на висината на стапките по кои се врши утврдувањето на данокот на промет на недвижности, наследство и подарок како и данок на имот.

**Прилог:**

- Одлука на совет на Град Скопје за определување на државни службеници – проценувачи
- Процедури-Упатства за работа на овластените проценувачи во Град Скопје
- Ценовник за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште

**3.** Во врска со точка 4.2.4. која се однесува на тоа дека во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2014 година како и во програмите од минати години, е утврдено дека надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа еднократно во целост или на рати најмногу до 12 месечни рати. Утврдено е дека за изградба на станбено деловен комплекс со инвеститорот е договорено да се исплати аванс или прва рата во 2012 година а остатокот во 2013 и 2014 година. Ваквиот начин на плаќање е на основа на заклучоци на советот на Град Скопје. Заклучоците на Советот надлежните служби не ги преточиле во Програмата за уредување на градежно земјиште, со цел поголема транспарентност и можност за запознавање и постапување и на останатите потенцијални инвеститори на ваков вид градби.

Град Скопје - Секторот за планирање и уредување на просторот го разгледа наодот и препораката по нацрт извештајот од државниот овластен ревизор и изготви Измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Градот Скопје за 2016 година, истата ја достави до Советот на Град Скопје со цел да се стави на дневен ред за наредна седница.

**Прилог:** -Измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Градот Скопје за 2016 година.

- Допис за достава до Совет

**II.Сметка на основен буџет (637)**

**4.** Во Врска со Точка 4.2.5. која се однесува на евидентирани расходи во износ од 3.570.илјади денари по основ на извршено плаќање на фактура за набавка на интегриран систем за управување со финансиите на Град Скопје (компјутерски софтвер). Не е презентиран записник за извршено инсталирање на комплетното проектно решение и дефинирана процедура за редовно земање на копија од програмот и податоците во одредени временски интервали, односно документација за завршена трета фаза, што не е во согласност со договорот склучен со носителот на набавката.

Град Скопје, Секторот за информатички технологии и модернизација имајќи го во предвид добиениот нацрт извештај од овластениот државен ревизор го разгледа истиот и по констатираниот наод во точката 4.2.5, смета дека за време на спроведување на ревизијата не и беа доставени документите кои го потврдуваат основот за исплата на трета фаза од набавката на Интегриран систем за управување со финансиите на Град Скопје.

Со Договор бр.08-4654/10 од 12.12.2013 година, изработен е интегриран систем за управување со финансиите на Град Скопје и тоа во три фази. Во првата фаза е извршена анализа на деловниот систем за што е доставена фактура за плаќање, втора фаза се состои од дизајн и конфигурација на шест подсистеми, за која е доставена фактура за плаќање и трета фаза е воведување на деловното решение во експлоатација.

Управување со локални даноци, комунални такси и други надоместоци се сметаше за приоритетен подсистемите на интегрираниот систем. Тестирање на истиот се изврши во 2014 година, додека имплементацијата на овој подсистем е завршена со 01.01.2015 година. Воведен е уписник за изготвување на решенија за сите видови на даноци и такси, генерирани се решенија за 2015 година (облог), додека останатите подсистеми од третата фаза се тестираа во 2014 година, но за истите се дадени забелешки и истите се вградени во апликацијата. Документи за потврда на функционалностите според техничка спецификација потпишани се на 15.03.2015 година. Со забелешките за дополнување на модулите се вршеше редовна координација со потпишување на Записник (бр. 19).

Документи за потврда на функционалностите според техничката спецификација се потпишани од двете страни, но немаше изготвен Записник за примопредавање на Интегрираниот систем за управување со финансиите. Град Скопје, Сектор за информатички технологии по констатацијата на овластениот државн ревизор, изготви Записник за примопредавање на Интегриран систем за управување со финансии.

**Прилог:**

- Записник бр.19 - Листа на потврдени функционалности
- Протокол за потврда на реализација на прва фаза
- Протокол за потврда на реализација на втора фаза
- Протокол за потврда на реализација на трета фаза
- Документи за потврда на функционалностите според техничка спецификација и Документот за потврда на корисничките барања за:

  1. Подсистем 1: Управување со локални даноци и комунални такси и други надоместоци
  2. Подсистем 2: Материјално и финансово работење
     1) Модул 1: Финансово сметководство
     2) Модул 2: Основни средства
     3) модул 3: Магацинско работење
  3. Подсистем 3: Управување со човечки ресурси и плата
  4. Подсистем 4: Буџет
  5. Подсистем 5: Јавни набавки
  6. Подсистем 6: Презентирање, размена на податоци и електронски сервиси со институции, физички и правни лица
- Записник за завршени активности.

**III.Наменска сметка-култура (789)**

**5.** Во врска со точка 3.1.1. која се однесува на тоа дека во делот на финансирање на Програмата за реконструкција и доградба на објекти во Централното градско подрачје на Градот Скопје не е утврдена пресметковната вредност за изградба, доградба и реконструкција на објектите, односно не е планирано колку средства се потребни за финансирање на истата, а само се утврдени изворите на финансирање односно дека средствата ќе се обезбедат 50 % од буџетот на Град Скопје и 50 % од средствата од капитални трансфери од Буџетот на Република Македонија. Ниту со основната Програма ниту со измените не се утврдени вкупните средства за извршување на истата како и динамиката на реализацијата, но само се направени измени на видот и бројот на објектите кои ќе бидат предмет на реализација.

Град Скопје - Секторот за планирање и уредување на просторот го разгледа наодот и препораката по нацрт извештајот од државниот овластен ревизор и со оглед на фактот дека на наменската сметка- култура, финансиските средства се уплатени од страна на Министерството за култура, Град Скопје на ден 14.04.2016 година се обрати до Министерството за култура со цел да се иницира постапка за склучување на меѓусебни договори.

**Прилог:** Допис до Министерство за култура

Градоначалник на Град Скопје
Коце Трајановски

Секретар на Град Скопје
Марјанчо Тодоровски

Сектор за планирање и уредување
на просторот
Александар Јанакиески

Сектор за финансиски прашања
Крсте Андоновски

Сектор за информатички технологии
Оливера Јакшиќ Транталовска

О. Ј. Транталовска

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 15.04.2016 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на Град Скопје бр. 08-2918/1 од 12.04.2016 година, од одговорното лице Коце Трајановски, градоначалник на Град Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12 -282/9 од 15.04.2016 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.** која се однесува на недоставениот годишен извештај за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерство за транспорт и врски), **не се прифаќа** бидејќи согласно членот 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, Градот Скопје има обврска да изготви и достави таков извештај. Имено надлежните од Секторот за планирање и уредување на просторот, известуваат дека на 12.04.2016 година до Министерството за транспорт и врски, доставиле Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2014 година, сметајќи дека Градот Скопје неможе да изготви посебен Годишен извештај за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти од причина што истите се планираат во Програмата за уредување на градежно земјиште .
   Преземените активности соодветно се обелоденети во Конечниот извештај.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.3.** која се однесува дека Ценовникот за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште и макролокација на зоните донесен од страна на Координативното тело на проценители на Град Скопје не е одобрен од страна на советот на Градот Скопје, **не се прифаќа**, од причина што на ревизијата не и се доставени нови докази кои би имале влијание на промена на констатираните состојби.

3. Забелешката на констатираните состојби во точката **4.2.4.** која се однесува на обврската за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на поголеми урбани комплекси и објекти без начинот да е регулиран во Програмата за уредување на градежно земјиште претставува **известување** за преземените мерки по утврдените состојби. Имено од Секторот за планирање и уредување на просторот изготвени се измени и дополнувања на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Град Скопје за 2016 година и истата е доставена до Советот на Град Скопје со цел да се стави на дневен ред за наредната седница. Преземените активности соодветно се обелоденети во Конечниот извештај.

Сметка на основен буџет (637)

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.5.** која се однесува дека на сметката Вложувања и нефинансиски средства евидентирани се расходи во износ од 3.570 илјади денари по основ на извршено плаќање на фактура за набавка на интегриран систем за управување со финансиите на Град Скопје (компјутерски софтвер), без да биде презентиран записник за извршено инсталирање на комплетното проектно решение и дефинирана процедура за редовно земање на копија од програмот и податоците во одредени временски интервали (Backup - процедура), односно документација за завршена трета фаза - Воведување на деловното решение во експлоатација, што не е во согласност со договорот склучен со носителот на набавката, **претставува известување** за преземените активности од страна на надлежните на Град Скопје. Имено од страна на Секторот за информатички технологии и модернизација изготвен е Записник за примопредавање на Интегриран систем за управување со финансии на 10.02.2016 година.
   Преземените активности соодветно се обелоденети во Конечниот извештај.

Наменска сметка култура (789)

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.1.1.** која се однесува на слабости во Програмата за реконструкција и доградба на објекти во централното градско подрачје, претставува **известување** за преземените мерки и активности во правец на надминување на состојбите. Имено Секторот за планирање и уредување на просторот има испратено барање до Министерството за култура од каде се уплаќаат средствата на оваа сметка за склучување на договор за регулирање на меѓусенбите односи.
   Преземените активности соодветно се обелоденети во Конечниот извештај.